PHILIPS

Радио со часовник

DR402




# Корисничко упатство

Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на
www.philips.com/support

# Содржина


1 **Важно** 2
Безбедност 2

2 **Вашето радио со часовник** 3
Вовед 3
Што има во кутијата 3
Преглед на радиото со часовник 4

3 **Почетни чекори** 5
Поставување батерија 5
Поврзување со напојување 5
Поставување часовник 6
Вклучување 6

4 **Слушање FM радио** 7
Подгответе FM антена 7
Пребарување за FM радио станици 7
Автоматско зачувување FM радио станици 7
Рачно зачувување FM радио станици 8
Изберање меморирана FM радио станица 8
Прилагодување на јачина на звук 8

5 **Поставување тајмер за аларм** 9
Поставување аларм 9
Активирање/деактивирање тајмер за аларм 9
Одложување/запирање на аларм 9

6 **Други карактеристики** 10
Поставување тајмер за спиење 10
Прилагодување на осветленост на дисплеј 10
Ноќно светло 10
Полнење уред преку USB порта 11

7 **Информации за производот** 12
Спецификации 12

8 **Решавање проблеми** 13

9 **Известување** 14
Грижа за животната средина 14

# 1 Важно

## Безбедност

**Предупредување**

- Никогаш немојте да го вадите куќиштето на ова радио со часовник.
- Никогаш немојте да подмачкувате ниту еден дел од ова радио со часовник.
- Никогаш немојте да го поставувате ова радио со часовник над друга електрична опрема.
- Чувајте го радиото со часовник подалеку од директна сончева светлина, отворен пламен или топлина.
- Уверете се дека секогаш имате лесен пристап до кабелот за електрично напојување, приклучокот или адаптерот за да го исклучите радиото со часовник од електрично напојување.

- Прочитајте ги и следете ги овие упатства.
- Уверете се дека има доволно слободен простор околу радиото со часовник за вентилација.
- Користете само додатоци/прибор наведени од производителот.
- Користете само уреди за електрично напојување што се наведени во корисничкото упатство.
- Исклучете го радиото со часовник при грмотевици или кога не се користи долг временски период.
- ВНИМАНИЕ при користење батерии - за да спречите истекување на батериите што може да доведе до телесна повреда, штета на имот или штета на радиото со часовник:
  - Инсталирајте ги сите батерии правилно, + и - како што е означено на радиото со часовник.
  - Извадете ја батеријата кога радиото со часовник не се користи долго време.
  - Батеријата не треба да се изложува на претерана топлина како сончева светлина, оган или сл.
- Радиото со часовник не треба да биде изложено на капење или прскање.
- Не ставајте никакви извори на опасност на радиото со часовник (на пр., предмети наполнети со течност, запалени свеќи).
- Таму каде што приклучокот на адаптерот за директно вклучување се користи како уред за исклучување, уредот за исклучување треба да остане лесно пристапен и употреблив.

## Ризик од проголтување батерии!

- Уредот може да содржи батерија од тип паричка/копче која може евентуално да се проголта. Секогаш чувајте ја батеријата подалеку од дофат на деца! Ако се проголта, батеријата може да предизвика сериозна повреда или смрт. Може да се јават сериозни внатрешни изгореници во рок од два часа по проголтувањето.
- Ако се сомневате дека батерија е проголтана или е ставена во некој дел од телото, веднаш побарајте медицинска помош.
- Кога ги менувате батериите, секогаш чувајте ги сите нови и искористени батерии подалеку од дофат на деца. Уверете се дека делот за батерија е целосно обезбеден откако сте ја смениле батеријата.
- Ако делот за батерија не може да биде целосно обезбеден, прекинете со употреба на производот. Чувајте го подалеку од дофат на деца и контактирајте со производителот.

**Напомена**

- Печатената плоча се наоѓа на задната страна од апаратот

# 2 Вашето радио со часовник

Ви честитаме на купувањето и добре дојдовте во Philips! За целосна корист од поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на www.philips.com/welcome.

## Вовед

Со ова радио со часовник, можете да:
- слушате FM радио;
- ги полните мобилните уреди; и
- поставувате два аларма да ѕвонат во различно време.

## Што има во кутијата

Проверете ја и одредете ја содржината на вашето пакување:







- Радио со часовник
- Печатени материјали

# Преглед на радиото со часовник







① Извор / ⏻
- Вклучување или исклучување на радио
- Поставување аларм (долго притискање)

② TUNE / zZ
- Активира бирање на радио (FM режим)
- Поставува тајмер за спиење

③ PRESET / ◷
- Скенира и зачувува радио станици (FM режим)
- Прилагодува осветленост на дисплеј

④ VOLUME / ⊖ ⊕
- Прилагодува јачина на звук (FM режим)
- Пребарува FM радио станици (FM режим)
- Прилагодува час и минути
- Прилагодува 12/24 часовен формат

⑤ Часовник / Панел на дисплеј
- Активира копчиња на допир
- Покажува тековен статус

⑥ Одложување
- Го одложува алармот

⑦ Дел за батерија

⑧ USB порта за полнење
- ги полни вашите мобилни уреди

⑨ Адаптер за електрично напојување

# 3 Почетни чекори

Секогаш следете ги упатствата во ова поглавје еднoподруго.

## Поставување батерија

**! Внимание**

- Ризик од експлозија! Чувајте ја батеријата подалеку од топлина, сончева светлилна или оган. Никогаш не фрлајте ја батеријата во оган.
- Опасност од експлозија ако батеријата е неправилно заменета. Заменете само со ист или со еквивалентен тип.
- Батеријата содржи хемиски супстанции, па затоа треба правилно да се фрли.

**Напомена**

- Може да користите само наизменично напојување како електрично напојување. Литиумската CR2032 батерија може само да ги зачува поставките за часовник и аларм.
- Кога нема напојување, осветлената позадина на дисплејот е исклучена.

За прва употреба:

Отстранете го заштитното јазиче да ја активирате батеријата.

За да ја замените батеријата:

1 Гурнете ја спојницата налево и извадете ја фиоката за батерија.



2 Ставете1 x CR2032 батерија како што е прикажано.

## Поврзување со напојување

**! Внимание**

- Ризик од оштетување на производот! Уверете се дека електричниот напон соодветствува на напонот отпечатен на задниот дел или долниот дел од радиото со часовник.
- Ризик од струен удар! Кога го исклучувате кабелот за наизменично напојување, секогаш влечете го приклучокот од приклучницата. Никогаш не влечете го кабелот.

Поврзете го адаптерот за електрично напојување на ѕидната приклучница.



# Поставување часовник




1 Со долго притискање на површината на часовникот од 3 секунди активирате поставување на часовникот.
   ↪ [12H] започнува да трепка.

2 Притиснете ⊖ ⊕ да поставите 12/24 формат на часовник.

3 Притиснете ◷ да потврдите.

4 Притиснете ⊖ ⊕ неколку пати да поставите час.

5 Притиснете ◷ да потврдите.

6 Притиснете ⊖ ⊕ неколку пати да поставите минути.

7 Притиснете ◷ да потврдите.
   ↪ Поставеното време се прикажува.

# Вклучување

Притиснете ⏻ да го вклучите радиото.

↪ Производот се префрла во режим на FM приемник.

# 4 Слушање FM радио

## Подгответе FM антена

За подобар прием, целосно извлечете ја и прилагодете ја положбата на антената во форма на свинско опавче.




> **Напомена**
>
> - За да спречите интерференција, поставете ја антената најдалеку можно од кои било други електрични уреди.

## Пребарување за FM радио станици




1. Допрете ја површината на часовникот да ги активирате копчињата на допир.
2. Притиснете ⏻ да вклучите FM радио.
3. Притиснете и задржете TUNE три секунди.
   ↳ ⊖ ⊕ → ⊖ ⊕ VOLUME
4. Притиснете и задржете ⊖ / ⊕ три секунди.
   ↳ Радиото со часовник автоматски пребарува за станица со силен прием.
5. Повторете го чекор 4 да пребарувате за повеќе радио станици.

**За рачно да пребарувате станици**

Во режим на приемник, притиснете ⊖ / ⊕ неколку пати да изберете фреквенција.

## Автоматско зачувување FM радио станици

> **Напомена**
>
> - Може да зачувате максимум 20 FM радио станици.




Во режимот на FM приемник., притиснете и задржете ◯ PRESET три секунди.
↳ Радиото со часовник ги зачувува сите достапни FM радио станици автоматски.
↳ Првите достапни станици се емитуваат автоматски.

# Рачно зачувување FM радио станици

**Напомена**

- Може да зачувате максимум 20 FM радио станици.




1. **Во режим на FM приемник.**, притиснете и задржете **TUNE** три секунди.
   ↳ ⊖ ⊕ → ⊖ ⊕ (VOLUME)
2. Притиснете ⊖ / ⊕ неколку пати да изберете фреквенција.
3. Притиснете ◯ (PRESET) да потврдите.
   ↳ Меморираниот број почнува да трепка.
4. Притиснете ⊖ / ⊕ да изберете број.
5. Притиснете ◯ (PRESET) да потврдите.
6. Потврдете ги чекорите од **2 до 5** да зачувате други станици.

**Напомена**

- Да отстраните претходно зачувана станица, зачувајте друга станица на нејзиното место.

# Изберање меморирана FM радио станица

Во режим на FM приемник., притиснете ◯ (PRESET).

Притиснете ⊖ / ⊕ неколку пати да изберете меморирана радио станица.

# Прилагодување на јачина на звук

Додека слушате FM радио, притиснете ⊖ ⊕ (VOLUME) неколку пати за да ја зголемите или намалите јачината на звук.

# 5 Поставување тајмер за аларм

## Поставување аларм

Може да поставите два аларма да ѕвонат во различно време.

**Напомена**

- Уверете се дека точно сте го поставиле часовникот.




1. Допрете ја површината на часовникот да ги активирате копчињата на допир.
2. Притиснете и задржете SOURCE три секунди да го активирате режимот на поставување аларм.
3. Притиснете ⊖ / ⊕ да изберете AL1 или AL2.
4. Притиснете да потврдите.
   ↳ Бројките за час почнуваат да трепкаат.
5. Притиснете ⊖ / ⊕ неколку пати да поставите час.
6. Притиснете да потврдите.
   ↳ Бројките за минути почнуваат да трепкаат.
7. Притиснете ⊖ / ⊕ неколку пати да поставите минути.
8. Притиснете да потврдите.
9. Притиснете ⊖ / ⊕ да изберете извор за аларм: ѕвонење или последната слушана FM станица.
10. Притиснете да потврдите.

## Активирање/деактивирање тајмер за аларм




1. Допрете ја површината на часовникот да ги активирате копчињата на допир.
2. Притиснете и задржете SOURCE три секунди да го активирате режимот на поставување аларм.
3. Притиснете ⊖ / ⊕ да изберете AL1 или AL2.
4. Притиснете на горниот дел од часовникот да изберете вклучување или исклучување аларм.
5. Притиснете да потврдите.

## Одложување/запирање на аларм




Кога ќе се вклучи алармот притиснете го горниот дел на часовникот да активирате SNOOZE.

↳ Алармот се одложува и го повторува ѕвонењето девет минути подоцна.




Кога ќе се вклучи алармот, притиснете го дисплејот на часовникот да го запрете алармот.

↳ Алармот го повторува ѕвонењето следниот ден.

# 6 Други карактеристики

## Поставување тајмер за спиење




Притиснете zZ неколку пати да изберете период за тајмерот за спиење (во минути).

↳ Радиото со часовник се префрла во режим на подготвеност автоматски по меморираниот период.

**За деактивирање на тајмерот за спиење:**

Во режим за поставување тајмер за спиење, притиснете zZ неколку пати додека не се појави [OFF].

## Прилагодување на осветленост на дисплеј




1 Допрете ја површината на часовникот да ги активирате копчињата на допир.

2 Притиснете неколку пати да изберете различни нивоа на осветленост:

- висока
- средна
- ниска

## Ноќно светло




Во режим на подготвеност, притиснете го горниот дел на часовникот неколку пати за да одредите различни нивоа на осветленост на ноќното светло.

- висока
- ниска
- исклучена

# Полнење уред преку USB порта




Поврзете го крајот на USB кабел со стандардна големина (не е вклучен) со USB портата на задниот дел од единицата и поврзете го другиот крај со портата за полнење на вашиот уред.

# 7 Информации за производот

Напомена

- Информациите за производот се предмет на промена без претходно известување.

## Спецификации

### Засилувач

| | |
|---|---|
| Вкупна излезна моќност | 1 W RMS |

### Приемник (FM)

| | |
|---|---|
| Опсег на прием | 87,5-108 MHz |
| Мрежа на прием | 50 KHz |
| Меморирана станица | 20 |
| USB полнење | Еднонасочна струја 5 V, 1 A / приклучок од тип-А |

### Општи информации

| | |
|---|---|
| Електрично напојување - наизменично електрично напојување | Име на бренд: PHILIPS; |
| | Модел: AS150-050-AE150 |
| | Влез: 100-240 V~, 50/60 Hz, 0,7 A; |
| | Излез: 5 V 1,5 A |
| Напојување - батерија (резерва за часовник) | CR2032 |
| Потрошувачка на електрична енергија во подготвеност | < 1 W |
| Димензии - главна единица (Ш x В x Д) | 110 x 110 x 55 мм |
| Тежина - главна единица | 0,27 kg |
| Тежина - со пакување | 0,47 kg |

# 8 Решавање проблеми

**Предупредување**

- Никогаш немојте да го вадите куќиштето на овој уред.

За гаранцијата да биде важечка, никогаш не обидувајте се да го поправате системот самите.

Ако се соочувате со проблеми кога го користите овој производ, проверете ги следниве ставки пред барањето сервис. Ако проблемот остане нерешен, одете на веб-локацијата на Philips (www.philips.com/support). Кога ќе го контактирате Philips, уверете се дека уредот е во близина и дека се достапни бројот на модел и серискиот број.

## Нема напојување

- Уверете се дека приклучокот за наизменично електрично напојување на радиото со часовник е правилно поврзан.
- Уверете се дека има електрична енергија во приклучницата за електрично напојување.

## Нема одговор од радиото со часовник

- Исклучете го и повторно приклучете го приклучокот за наизменично електрично напојување, па повторно вклучете го радиото со часовник.

## Слаб радио прием

- Чувајте го радиото со часовник подалеку од други електронски уреди за да избегнете радиоинтерференција.
- Целосно извлечете ја и прилагодете ја положбата на антената во форма на свинско опавче.

## Алармот не функционира

- Правилно поставете го часовникот/алармот.

# 9 Известување

Сите промени или измени направени на овој уред што не се изрично дозволени од MMD Hong Kong Holding Limited може да го поништат овластувањето на корисникот да работи со опремата. Со ова, MMD Hong Kong Holding Limited изјавува дека овој производ е усогласен со основните барања и други релевантни одредби од Директивата 2014/53/EU.
Изјавата за сообразност може да ја најдете на www.philips.com/support.

## Грижа за животната средина

### Фрлање на вашиот стар производ и батерија



Вашиот производ е дизајниран и изработен од материјали и компоненти со висок квалитет, кои може да се рециклираат и повторно да се користат.



Овој симбол на производот значи дека производот е опфатен од Европската Директива 2012/19/EU.



Овој симбол значи дека производот содржи батерии опфатени од Европската Директива 2013/56/EU кои не може да се фрлаат со обичен отпад од домаќинството.
Информирајте се за локалниот систем за издвоено собирање на електрични и електронски производи и батерии. Следете ги локалните правила и никогаш не фрлајте го производот и батериите со обичниот отпад од домаќинството. Правилното фрлање на стари производи и батерии помага да се спречат негативните последици по животната средина и човековото здравје.

### Вадење на батериите за фрлање

Да ги извадите батериите за фрлање, видете го делот инсталирање на батерија.

### Информации за животната средина

Избегнато е секакво непотребно пакување. Се обидовме да направиме пакувањето да биде лесно да се издвои на три материјали: картон (кутија), пулпа од хартија (заштитник) и полиетилен (торбички, лист од заштитна пена)
Вашиот систем содржи материјали кои може да бидат рециклирани и повторно искористени ако се издвојат од специјализирана компанија. Почитувајте ги локалните прописи во врска со фрлањето на материјалите за пакување, истрошени батерии и стара опрема.

2019 © Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани трговски марки на Koninklijke Philips N.V. и се користат под лиценца. Овој производ е изработен од и се продава под одговорност на MMD Hong Kong Holding Limited. или една од неговите подружници и MMD Hong Kong Holding Limited е гарант во врска со овој производ.